# Доставување на податоци и нивно објавување на интернет страницата на Македонска берза

До

Македонска Берза АД Скопје

Опфолио АД Скопје со ЕМБС: 7490372, Ви ги доставува податоците кои согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност има обврска да ги објави на интернет страницата на Македонска берза:

**1. Табела која содржи податоци согласно член 166-б ст. 1 алинеја 1** од Законот за хартии од вредност, а согласно финансиски извештаи усвоени на Годишното собрание на друштвото на ден 27.06.2025 година и тоа: приходи (вкупно), добивка од редовно работење пред оданочување, добивка за финансиската година, и добивка за финансиска година по акција.

| Ред. бр, | Известување согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност | Податок |
|---|---|---|
| 1. | Приходи (вкупно) | 6.820.222,00 |
| 2. | Добивка од редовното работење пред од оданочување | 461.523,00 |
| 3. | Добивка за деловната година | 411.260,00 |
| 4. | Добивка за финансиска година по акција. | 34,27 |

Напомена: Вредностите се однесуваат на 2024 година и истите се искажани во денари.

**2. Податоци согласно чл. 166-б ст. 1 алинеја 4:**

Одборот на директори на ОПФОЛИО АД Скопје на својата седница одржана на 24.03.2025 година, донесе одлука за избор на Игор Мишевски за извршен член во Одборот на директори и одлука за избор на Васко Богдановски за неизвршен член во Одборот на директори и за Претседател на Одборот на директори.

**3. Други промени во работењето кои значајно влијаат врз цената на хартиите од вредност**

Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на 57 -мата седница на Друштвото за информатичка технологија, инвестиции и советодавни услуги ОПФОЛИО АД Скопје му дозволи да се стекне со квалификувано учество во Друштвото за управување Опфолио Инвестиции АД Скопје, односно со акции со право на глас чиј вкупен кумулативен износ надминува 50% од вкупно издадените акции со право на глас на друштвото.

Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје е официјално основано на 10 јуни 2025 година, врз основа на решение од Централниот регистар на Република Северна Македонија. Матичниот број на друштвото е 7851499.

Скопје, 01.07.2025

Опфолио АД Скопје
Извршен директор